Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
**од Сто и четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 март 2023 година**

**Скопје, март 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 29 март 2023 година**

Седницата започна во 14:00 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда,м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министерза здравство,доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Филип Николоски, заменик на министерот за финансиии д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваше и Муамет Хоџа-портпарол на Владата на Република Северна Македонија и нотар Анета Петровска Алексова.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владатад-р Бујар Османи, министер за надворешни работи,д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 126-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 февруари 2023 година

- Усвојување на Записникот од 129-та седница на Влада на Република Северна Македонија, одржана на 15 февруари 2023 година

- Усвојување на Записникот од 131-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 февруари 2023 година

- Усвојување на Записникот од 139-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2023 година

- Усвојување на Записникот од 135-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 март 2023 година

- **Пред преминување на Дневен ред**

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2023 година-30 јуни 2023 година

1. Информација за лошата финансиска состојба на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје и потребата од еднократна финансиска помош

2. Годишна програма со Финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2023 година, со Предлог-одлука

3. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*)

4. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди во периодот 1.10.2022 -24.1.2023 година

5. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за доводни цевководи од каптажи до постојни резервоари за село Ново Село и за село Србица, Општина Кичево, со Предлог-одлука

6. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Б5- хотелски комплекси, КО Преод, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука

7. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на

обиколен пат околу село Вевчани во правец кон село Октиси км 0.0+00.00-км 1.0+62.18, КО Вевчани, Општина Вевчани, со Предлог-одлука

8. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за сообраќајно поврзување со основната патна мрежа на Република Северна Македонија на ТИРЗ „Прилеп“, Општина Прилеп, со Предлог-одлука

9. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура за водоснабдување на технолошко-индустриска развојна зона (ТИРЗ) „Струга“ со вода за технички потреби (бунарска зона), КО Мислешево-вон град, Општина Струга, со Предлог-одлука

10. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Јован Станојковиќ ул. „Борис Кидрич“ бр.6/13, Ресен, со Предлог-одлука

11. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Агромото-трејд ДООЕЛ Ресен ул. „Борис Кидрич“ бр.72, Ресен, со Предлог-одлука

12. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Зоран Станојковиќ ул. „4“ бр.124, Ресен, со Предлог-одлука

13. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, преработка, трговија и услуги „Агро Кожувчанка“ ДООЕЛ Кавадарци, со Предлог-одлука

14. Информација за назначување на раководител на Телото за управување со ИПАРД III во системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош-ИПА III, со Предлог-решение

15. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-кварц на локалитетот „Марул“, Општина Прилеп, со Предлог-одлука

16. Информација за потребата за одобрување на ажурираниот Главен план на „Меѓународен аеродром-Скопје“ и на Барањето на ТАВ Македонија ДООЕЛ, Меѓународен аеродром-Скопје за подобрување на условите на Аеродромот-инсталација на фотонапонска електроцентрала на „Меѓународен аеродром-Скопје“ за сопствени потреби, со прилози

17. Информација во врска со нов Директен договор кон Договорот за концесија, доставен од страна на ТАВ Македонија, со текст на Директен договор

18. Информација во врска со процесот на подготовка на Извештај за конкурентност на државите од Западен Балкан од страна на Организацијата за економска соработка и развој (OECD) 2024, со План на активности

19. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-мермер на Друштвото за производство, трговија и услуги Петрос ДОО Куманово на локалитетот „Црковни Рид“, с.Орашац, Општина Куманово

20. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-мермер на Друштвото за производство, промет и услуги Лазароски Унимарбле увоз-извоз ДОО Прилеп на локалитетот „с.Беловодица“, Општина Прилеп

21. Информација за пристапување кон Европскиот центар за извонредност за справување со хибридни закани (European Centre of Excellence for Countering Hybrid Threats)

22. Информација за одлуките на Комитетот на министри на Совет на Европа за процесот на извршување на Пресудата на Европскиот суд за човекови права X против Северна Македонија А.бр.29683/16

23. Информација за потребата од обезбедување на дополнителни финансиски средства за исплата на плати на вработените во националните и локалните установи од областа на културата за 2023 година

24. Предлог на закон за амнестија на лицата осудени за настаните од 27 април 2017 година, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

25. Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

26. Иницијатива од Валентин Пепељугоски од Скопје и други, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.5/2023 за оценување на уставноста на член 6, став 2, член 37, став 2, член 111, ставови 4 и 5, член 123, став 1, член 138, став 3 и член 139, став 2 од Законот за заштита на потрошувачите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/22)

27. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94594 за КО Ѓорче Петров 2-Мирче Ацев, на КП бр.5077, викано место/улица „Ѓ.Казепов“

28. Понуда од нотар Јакуп Демири од Гостивар за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1331, за КО Чегране, на КП бр.2767, викано место „Рудина Село“

29. Понуда од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.77623, за КО Куманово, на КП бр.6246/3, викано место/улица „ул.221“

30. Понуда од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13846 за КО Куманово, на КП бр.6246/1, викано место/улица „ул.221“

31. Понуда од нотар Наим Шерифи од Куманово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.47421, за КО Куманово, на КП бр.7812/1, викано место/улица „Османски Рид“, со дополнување

32. Известување од извршител Крум Коцарев од Скопје доставено под И.бр.2185/16, за Налог за извршување врз недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.4004, за КО Ѓорче Петров 2-Мирче Ацев, КП бр.9422/1

33. Известување од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр. 438/2014, за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2307, за КО Мислешево-Вонград

34. Кадровски прашања

35. Прашања и предлози

36. Предлог-одлука за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало

37. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година

38. Предлог-програма за изменување на Програмата за водостопанство за 2023 година

39. Информација за потреба од склучување на Протокол за донација на воздухоплови помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Украина, со усогласен текст на Протокол и Предлог-одлука

40. Информација за потреба од обезбедување на финансиски средства за потпишување на Колективен договор за вработените во Министерството за култура, Управата за заштита на културното наследство и Агенцијата за филм на Република Северна Македонија

41. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје

42. Информација за Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Северна Македонија за мерките за подобрување на движењето на лица и стоки преку заедничката државна граница, со усогласен текст на Меморандум

43. Информација за склучување на Меморандум за разбирање -Проект за електронска наплата на патарина-воспоставување на интероперабилен електронски систем за наплата на патарина, со усогласен текст на Меморандум

44. Информација за донесување на одлука за определување на службен мобилен телефон и начинот на надоместување на месечниот трошок за користење, со Предлог-одлука

45. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „BMTF TTX 23“ во Република Словенија

46. Информација за спроведување на ИПА проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Тетово“

47. Информација за потребата од дополнување на Буџетот на Центарот за управување со кризи за 2023 година за реализирање на преземените обврски во однос на Делегацијата на Република Северна Македонија, во седиштето на НАТО во Брисел и за упатување на претставник на Центарот за управување со кризи во Делегацијата, со Предлог-одлука

48. Информација за потребата од линеарно зголемување на платите на работниците во Министерството за внатрешни работи

49. Предлог-одлука за основање Национална установа „Центар за култура на турската заедница во Република Северна Македонија- Скопје“

50. Информација за имплементација на Проектот за унапредување на социјалните услуги и за потребата од дополнителни средства

51. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Ејупи и други против Северна Македонија А.бр. 21501/21 и 25 други апликации

52. Информација за тековен предмет пред Европскиот суд за човекови права во случајот Захариев против Република Северна Македонија, А.бр.26760/22

53. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Хасан против Северна Македонија А.бр. 35981/21 и две други апликации

54. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Илијевска и други А.бр. 55173/20 и пет други апликации и Стојановски А.бр. 7508/20 и шест други апликации против Северна Македонија

55. Информација за 13 тековни предмети пред Европскиот суд за човекови права, АД Осигурителна полиса Скопје и други против Република Северна Македонија и седум други апликации (62544/19, 6430/20, 7307/20, 38181/20, 44331/20, 48373/20, 49268/20 и 38659/20) и Пуцко Петрол увоз -извоз ДООЕЛ против Република Северна Македонија и четири други апликации (6381/20, 38665/20, 15860/20, 38176/20 и 44819/20), со можни финансиски импликации по Буџетот на Република Северна Македонија и за можноста за нивно спогодбено решавање, со прилог

56. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација за изградба на хидротехнички објект-Брана Отиња на минерална суровина-глина на Општина Штип на локалитетот „Акумулационен простор на насипната Брана Отиња“, Општина Штип

57. Предлог на закон за академија за судии и јавни обвинители (*), по скратена постапка

*

*        *

Владата без забелешки ги усвоиЗаписникот од 126-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 февруари 2023 година, Записникот од 129-та седница на Влада на Република Северна Македонија, одржана на 15 февруари 2023 година, Записникот од 131-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 февруари 2023 година, Записникот од 139-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2023 година и Записникот од 135-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 март 2023 година.

*

*        *

**Пред преминување на Дневен ред:**

**Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2023 година-30 јуни 2023 година**

Владата заклучи:

1. Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1.2023 година -30.6.2023 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година, согласно дописот на Министерството за финансии, да се измени и тоа:

- Предлогот на закон за ревизија, наместо предвидениот рок март 2023 година, да биде јуни 2023 година;

- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, наместо предвидениот рок март 2023 година, да биде септември 2023 година;

- Предлогот на закон за осигурување, наместо предвидениот рок јуни 2023 година, да биде декември 2023 година;

- Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на проектот:-„Рехабилитација на ХЕЦ фаза 3“, кој ќе се склучи меѓу КфВ и АД ЕСМ Скопје, кој беше планиран за октомври 2023 година, да се избрише, бидејќи истиот е донесен од страна на Собранието на Република Северна Македонија на 21.2.2023 година, со следниот наслов: Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за обновлива енергија ЕСМ-Компонента I: Ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова-КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

Согласно горенаведеното, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1.2023-30.6.2023 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1.2023-30.6.2023 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за лошата финансиска состојба на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје и потребата од еднократна финансиска помош и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди финансиска помош во износ од 50.000.000,00 денари за Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје.

**Точка 2**

Владата по Годишната програма со Финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2023 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма со Финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2023 година.

**Точка 3**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*).

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди во периодот 1.10.2022-24.1.2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Обезбеди парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година на општините кои имаат доставено комплетна документација и тоа:

1.1. На Општина Ранковце во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 8.604.260,00 денари.

1.2. На Општина Македонски Брод во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 349.626,00 денари.

1.3. На Општина Струмица во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 1.290.126,00 денари.

1.4. На Општина Теарце во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 2.815.300,00 денари.

1.5. На Општина Македонски Брод во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 418.941,00 денари.

1.6. На Општина Охрид во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 7.336.586,00 денари.

1.7. На Општина Охрид во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 38.170.571,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви предлог-одлуки за парична помош од Буџетот, согласно заклучокот 1 од точка 1.1. до 1.7..

3. Се укажува на општините Ранковце, Македонски Брод, Струмица, Теарце и Охрид пропорционално со процентот кој го одреди Владата, да ги распределат средствата кон физичките и правните лица кои поднеле барање за надоместок на штета и во рок од 30 дена по приемот на финансиските средства да достават детален извештај за распределените средства за настанатата штета до Владата и до Комисијата.

4. Се укажува на општините Старо Нагоричане, Гевгелија, Ново Село, Босилово, Пехчево, Куманово, Кавадарци, Свети Николе, Боговиње, Пробиштип, Градско, Демир Хисар, Крушево, Кочани, Кичево и Чаир кои во законскиот утврден рок не доставиле комплетна документација, да постапат по забелешките доставени од Комисијата за проценка и утврдување на штетата од елементарни непогоди и да ги комплетираат извештаите, согласно со забелешките.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за доводни цевководи од каптажи до постојни резервоари за село Ново Село и за село Србица, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за доводни цевководи од каптажи до постојни резервоари за село Ново Село и за село Србица, Општина Кичево.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Б5- хотелски комплекси, КО Преод, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Б5- Хотелски комплекси, КО Преод, Општина Свети Николе.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на обиколен пат околу село Вевчани во правец кон село Октиси км 0.0+00.00- км 1.0+62.18, КО Вевчани, Општина Вевчани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на обиколен пат околу село Вевчани во правец кон село Октиси км 0.0+00.00- км 1.0+62.18, КО Вевчани, Општина Вевчани.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за сообраќајно поврзување со основната патна мрежа на Република Северна Македонија на ТИРЗ „Прилеп“, Општина Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во

градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за сообраќајно поврзување со основната патна мрежа на Република Северна Македонија на ТИРЗ „Прилеп“, Општина Прилеп.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура за водоснабдување на технолошко индустриска развојна зона (ТИРЗ) „Струга“ со вода за технички потреби (бунарска зона), КО Мислешево-вон град, Општина Струга, со Предлог-одлука и условно ги донесе следните заклучоци:

1.Ја усвои Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура за водоснабдување на технолошко индустриска развојна зона (ТИРЗ) „Струга“ со вода за технички потреби (бунарска зона), КО Мислешево-вон град, Општина Струга.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура за водоснабдување на технолошко индустриска развојна зона (ТИРЗ) „Струга“ со вода за технички потреби (бунарска зона), КО Мислешево-вон град, Општина Струга, доколку предлагачот го усогласи материјалот со Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Јован Станојковиќ ул. „Борис Кидрич“ бр.6/13, Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Агромото-трејд ДООЕЛ Ресен ул.Борис Кидрич бр.72, Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Зоран Станојковиќ ул.4 бр.124, Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, преработка, трговија и услуги „Агро Кожувчанка“ ДООЕЛ Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на раководител на Телото за управување со ИПАРД III во системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош-ИПА III, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за назначување на раководител на Телото за управување со ИПАРД III во системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош-ИПА III.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-кварц на локалитетот „Марул“, Општина Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-кварц на локалитетот „Марул“, Општина Прилеп.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за одобрување на ажурираниот Главен план на „Меѓународен аеродром-Скопје“ и на Барањето на ТАВ Македонија ДООЕЛ, Меѓународен аеродром-Скопје за подобрување на условите на Аеродромот-инсталација на фотонапонска електроцентрала на „Меѓународен аеродром-Скопје“ за сопствени потреби, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1.Го одобри ажурираниот Главен план на „Меѓународен аеродром-Скопје“ од 13 февруари 2023 година, доставен од ТАВ Македонија ДООЕЛ, Меѓународен аеродром-Скопје.

2.Го одобри Барањето на ТАВ Македонија ДООЕЛ, Меѓународен аеродром-Скопје, за подобрување на Аеродромот, со инсталација на фотонапонска електроцентрала на „Меѓународен Аеродром Скопје“ за сопствени потреби, без финансиска изложеност на Владата.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информација во врска со нов Директен договор кон Договорот за концесија, доставен од страна на ТАВ Македонија, со текст на Директен договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го одобри новиот Директен договор кон Договорот за концесија доставен од страна на ТАВ Македонија.

2. Се задолжува министерот за транспорт и врски да го потпише одобрениот Директен договор кон Договорот за концесија.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со процесот на подготовка на Извештај за конкурентност на државите од Западен Балкан од страна на Организацијата за економска соработка и развој (OECD) 2024, со План на активности и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да испрати барања за номинации на координатори по димензии до надлежните институции и тоа до: Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за правда, во рок од три дена.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да испрати барање за номинација на контакт лице за обезбедување на статистички податоци и информации за секоја од димензиите до Државниот завод за статистика, во рок од три дена.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда и Државниот завод за статистика да доставaт номинации на координатори по димензии и контакт-лице до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во рок од седум дена.

4. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да ја информира Владата за прогресот на активностите во насока на изработка на Извештај за конкурентност на државите од Западен Балкан од страна на Организацијата за економска соработка и развој (OECD) 2024, најдоцна до 30 септември 2023 година.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-мермер на Друштвото за производство, трговија и услуги Петрос ДОО Куманово на локалитетот „Црковни Рид“, с.Орашац, Општина Куманово.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-мермер на Друштвото за производство, промет и услуги Лазароски Унимарбле увоз-извоз ДОО Прилеп на локалитетот „с.Беловодица“, Општина Прилеп.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за пристапување кон Европскиот центар за извонредност за справување со хибридни закани (European Centre of Excellence for Countering Hybrid Threats) и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Министерството за одбрана):

1 .Се задолжува д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, до директорот на Европскиот центар за извонредност за справување со хибридни закани, да испрати Писмо за интерес во врска со учеството во Меморандумот за разбирање на Европскиот центар за извонредност за спротивставување на хибридните закани, најдоцна до 20 април 2023 година.

2. Се задолжува Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, како одговорно тело за давање насоки, донесување заклучоци и предлагање мерки за одговор на хибридните закани, по предлог на Министерството за надворешни работи, да назначи единствена контакт-точка со Европскиот центар за извонредност за справување со хибридни закани, најдоцна до 20 април 2023 година.

3. Се задолжува Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, како одговорно тело за давање насоки, донесување заклучоци и предлагање мерки за одговор на хибридните закани, по предлог на Министерството за надворешни работи, да назначи национален претставник во Управниот одбор, најдоцна до 15 јуни 2023 година.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи до Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница да доставува интегрален извештај за активностите врзани за Европскиот центар за извонредност за справување со хибридни закани еднаш годишно, во последното тримесечје од тековната година.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за одлуките на Комитетот на министри на Совет на Европа за процесот на извршување на Пресудата на Европскиот суд за човекови права X против Северна Македонија А.бр.29683/16, ја усвои и го задолжи Министерството за правда да ја интензивира работата на новиот текст на Законот за матична евиденција и да го достави до Владата, најдоцна до почетокот на декември 2023 година.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на дополнителни финансиски средства за исплата на плати на вработените во националните и локалните установи од областа на културата за 2023 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии во буџетот на Министерството за култура за 2023 година во раздел 18010-Финансирање на дејностите од областа на културата, да обезбеди дополнителни финансиски средства во износ од 226.000.000,00 денари со ребалансот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година или со Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите.

## Точка 24

Владата го разгледа Предлогот на закон за амнестија на лицата осудени за настаните од 27 април 2017 година, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Основот за давање амнестија е утврден во членот 113 од Кривичниот законик каде што е пропишано дека „на лицата кои се опфатени со акт за амнестија им се дава ослободување од гонење или потполно или делумно ослободување од извршување на казната, им се заменува изречената казна со поблага казна, им се определува бришење на осудата или им се укинува определена правна последица од осудата.“.

Амнестијата преставува акт на законодавното тело во форма на закон со кој на поименично неопределен број лица им се дава ослободување од гонење или целосно или делумно ослободување од извршување на казната, им се заменува изречената казна со поблага казна, им се определува бришење на осудата или им се укинува определена правна последица од осудата.

Согласно член 68 алинеи 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија Собранието е надлежен орган за давење на амнестија.

Законот со кој се дава амнестија мора да се однесува на определена категорија на казнени дела, на определена категорија сторители или осудени лица, или на определени казни без оглед на конкретните казнени дела и нивните сторители.

Владата смета дека членот 1 од Предлогот на законот не е во согласност со овие стандарди, со што овој закон има елементи на институтот помилување, а не на амнестија.

Во однос на членот 4 од Предлогот на законот, се смета дека не се дефинирани лицата кои во корист на лицата на кои се однесува амнестијата можат да поднесат жалба.

Меѓу другото, Владата укажува и дека на 18.12.2018 година беше донесен Закон за амнестија со кој се ослободуваат од кривично гонење, се запираат поведените кривични постапки и целосно се ослободуваат од издржување на казната лицата за кои постои основано сомневање дека сториле кривично дело поврзано со настаните во Собранието на Република Македонија од 27 април 2017 година. Како исклучок во член 1 став 3 од Законот беше предвидено дека ова “…не се однесува за лица осомничени, обвинети, правосилно осудени, како и лица кои издржуваат казна затвор за настаните поврзани и во врска со настаните во Собранието на Република Македонија од 27 април 2017 година за кои постои основано сомнение дека учествувале во подготвување или организирање на настаните во Собранието на Република Македонија или се правосилно осудени, а кои до денот на влегувањето во сила на овој закон сториле кривично дело „здружување заради непријателска дејност” од членот 324 став 1 од Кривичниот законик, лица со прикриен идентитет кои употребиле физичка сила, лица кои сториле насилство, лица кои неовластеноноселе оружје или распрскувачки материјали и лица кои постапиле спротивно на службените овластувања при вршење на кривичното дело „терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста” од членот 313 од Кривичниот законик, кривичното дело „убиство” од членот 123 од Кривичниот законик, кривичното дело „насилство” од членот 386 од Кривичниот законик.“.

Спротивно на ова, со сега предложениот Закон за амнестија се предлага да бидат амнестирани и сторителите на тешки кривични дела поврзани со настаните во Собранието на Република Северна Македонија од 27 април 2017 година, како кривичното дело „здружување заради непријателска дејност” од членот 324 став 1, „терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста” од членот 313, „убиство” од членот 123, „насилство” од членот 386, сите од Кривичниот законик на Република Северна Македонија.

Согласно горе наведеното Владата на Република Северна Македонија смета дека не е целисходно да бидат амнестирани овие потешки кривични дела со Предлогот на законот за амнестија со поголема општествена опасност, а кои поради овие причини не биле опфатени со Законот за амнестија донесен на 18.12.2018 година.

Исто така, доколку овој закон биде донесен, би предизвикал негативен ефект во однос на генералната и специјална превенција за ваквите кривични дела, т.е. ќе се стимулира извршувањето на ваков вид тешки кривични дела во иднина.

**Точка 25**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и притоа го утврди следново мислење:

Изминатите години Владата на Република Северна Македонија, интензивно работи на изготвување на нов Кривичен законик кој ќе биде целосно усогласен со меѓународните стандарди во казнено-правната област.

Во овој процес посебно внимание се посветува и на одредбите кои што се однесуваат на застарувањето, а кои се предмет на уредување во доставениот Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов.

Изготвувањето на новиот Кривичен законик е во завршна фаза и во последната работна верзија се вградени и доставените забелешки, мислења и сугестии од релевантните институции.

Следен чекор е преведување на работната верзија на Кривичниот законик и доставување до Европската комисија за давање мислење. При изготвувањето на новиот Кривичен законик посебно внимание беше посветено на вградување на сите меѓународни стандарди и се консултирани и бројни компаративни искуства од кривични законодавства на држави слични со нашиот кривично-правен систем.

Поради обезбедување на вклученост на сите надлежни институции и вградување на мислењата од меѓународните организации, се смета дека прашањето за застареноста соодветно би требало да биде решено во новиот Кривичен законик, а не преку парцијални измени кои се однесуваат на ова прашање.

Исто така, до Судскиот совет на Република Северна Македонија е доставено барање за обезбедување на податоци во однос на кривичните дела за кои се предлага не застарливост во смисла на број на извршени кривични дела, број на сторители и број на застарени кривични дела. За донесување на вакви законски измени неопходна е и анализа на досегашната примена на Кривичниот законик, меѓународните стандарди како и компаративните искуства.

Врз основа на претходно изнесеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Иницијативата од Валентин Пепељугоски од Скопје и други, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.5/2023 за оценување на уставноста на член 6, став 2, член 37, став 2, член 111, ставови 4 и 5, член 123, став 1, член 138, став 3 и член 139, став 2 од Законот за заштита на потрошувачите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/22) и притоа го утврди следнотомислење:

Законот за заштита на потрошувачите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 236/22) е најзначајниот правен акт од областа па потрошувачкото право, како генерален закон во кој детално се уредуваат правата на потрошувачите. Со овој закон се уредува заштитата на правата на потрошувачите, условите и начинот на заштитата на потрошувачите, условите за трговско работење што се од значење за заштита на правата на потрошувачите, правата и обврските на здруженијата на потрошувачите, како и надлежностите на органите на државната управа во однос на заштитата на потрошувачите. При тоа, примената на Законот за заштита на потрошувачите не влијае на правата што ги имаат потрошувачите врз основа на други закони. Законот за заштита на потрошувачите во најголем дел содржи обврзувачки норми што е сосема оправдано ако се има предвид фактот дека негова основна цел е заштита на правата на потрошувачите за остварување на своите права пред трговецот, државните институции и пред судот. Во Законот за заштита на потрошувачите централно место зазема потрошувачот и неговите основни права усвоени од страна на Генералното собрание на Обединетите нации во 1985 година. Станува збор за осум потрошувачки права кои претставуваат основа за донесување на законска регулатива за заштита на потрошувачите во земјите на Европската Унија и во светот, а во таа смисла и во Република Северна Македонија. И согласно член 8 од Уставот на Република Северна Македонија, истите не се повредени и спорни и истиот гласи:

Член 8
Темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се:
-основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот;
- слободното изразување на националната припадност;
-владеењето на правото;
- поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска;
-политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори;
-правната заштита на сопственоста;
-слободата на пазарот и претприемништвото;
- хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;
- локалната самоуправа;
- уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и
- почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Во Република Македонија слободно е се што со Уставот и закон не е забрането.

Правата на потрошувачот децидно се одредени во член 2 од Законот за заштита на потрошувачите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/22) кој гласи:

Права на потрошувачите
Член 2
(1) Потрошувачите ги имаат следниве права:
1)право на задоволување на основните потреби, кое претставува достапност кон основните и нужни стоки и услуги, како храна, облека, обувки, домување, здравствена заштита, образование и хигиена;
2)право на безбедност, кое претставува заштита од стоките и услугите што се штетни за животот, здравјето, имотот или животната средина, како и од стоките чие поседување или употреба се забранети;
3) право на информираност, кое претставува располагање со точни податоци иинформации што се неопходни за разумен избор на понудените стоки и услуги, односно за донесување информирана одлука;
4) право на избор, кое претставува можност за избор помеѓу повеќе стоки и услуги според прифатливи цени и со соодветен квалитет;
5) право на учество, кое претставува застапеност на интересите на потрошувачите во процесите на донесување и спроведување на политиките за заштита на потрошувачите, како и на можност на застапеност во процесите на усвојување и спроведување на политиките за заштита на потрошувачите преку здруженијата за заштита на правата на потрошувачите;
6) право на правна заштита, кое претставува заштита на правата на потрошувачите согласно со постапка предвидена со закон и во случај на повреда на неговите права, вклучувајќи го и надоместувањето на штетата причинета на потрошувачот;
7) право на едукација, кое претставува стекнување основни знаења и вештини неопходни за правилен и сигурен избор на стоки и услуги, како и знаења за основните права и обврски на потрошувачите и начините на нивно остварување и
8) право на здрава и одржлива животна средина, кое претставува живот и работа во средина што не е штетна по животот, здравјето и благосостојба на сегашните и идните генерации, како и на навремено и целосно информирање за состојбата на животната средина.
(2)Потрошувачот не може да се откаже од неговите права утврдени со овој закон.
(3) При примена на одредбите на овој закон мора да се земе предвид положбата на потрошувачот како економски послаба страна, а особено положбата на ранливите потрошувачи.
Од горе наведениот член се смета дека со Законот за заштита на потрошувачите не се спорни и повредени одредбите од член 55 од Уставот на Република Северна Македонија (Службен весник бр.52/19991) кој гласи:

Член 55
Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбрана на Републиката, зачувување на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Согласно горе наведеното се укажува дека правата одредени во член 2 став (1) точка 2) право на безбедност, кое претставува заштита од стоките и услугите што се штетни за животот, здравјето, имотот или животната средина, како и од стоките чие поседување или употреба се забранети и точка 3) се дефинира право на информираност на потрошувачот, кое преставува располагање со точни податоци и

информации што се неопходни за разумен избор на понудените стоки и услуги, односно за донесување информирана одлука и член 2 став (3) при примена на одредбите на овој закон мора да се земе предвид положбата на потрошувачот како економски послаба страна, а особено положбата на ранливите потрошувачи, не се спорни согласно Уставот на Република Северна Македонија.

II. По однос на
1. Уставниот амандман V („Службен весник на Република Македонија“ бр.91/01)

Образложение

1. Дел-Уставната рамка која го уредува службениот јазик на територијата на Република Северна Македонија

Со Уставниот амандман V („Службен весник на Република Македонија“ бр.91/01), изменет е членот 7 од Уставот на Република Северна Македонија. Уставните одредби содржани во членот 7 го уредуваат прашањето на службениот јазик на територија на Република Северна Македонија.

Со Уставниот амандман V, покрај македонскиот јазик е предвидено дека „друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, исто така, е службен јазик и неговото писмо, како што е определено со овој член“. Со оваа и останатите одредби од Уставниот амандман V, Уставот предвидува уште еден службен јазик покрај македонскиот, меѓутоа како службен јазик во комуникација и општење со државата и државниот апаратус.

Министерството за економија во Законот за заштита на потрошувачите, согласно Уставот на Република Северна Македонија и законските прописи кои уредуваат безбедносни прашања и член 1 од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/19) и прописите на Европска Унија за информирање на потрошувачите, како и почитувајќи ги основните права на потрошувачите утврдени во законот, освен македонски јазик и кирилично писмо се уреди дека потрошувачите треба да се информирани и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на територијата на Република Северна Македонија и негово писмо, што не ја исклучува можноста за употреба и на други јазици, како и на знаци или пикторграми што се лесно разбирливи за потрошувачот, за донесување на правилна одлука при купопродажен договор и понатамошна употреба на купениот производ, односно за користење на услуга во насока на заштита на здравјето, животната средина и од нечесните практики на трговецот. Во Законот за заштита на потрошувачи одредени се и одредби за забрана за дискриминација (кое е усогласено со ЕУ директивите) и со законските прописи на Република Северна Македонија.

Воедно, се укажува дека и во Законот за заштита на потрошувачите кој е вон сила, во членовите 22 и 23 за давање на информации стои одредба која е согласно Уставот и законските прописи за употреба на јазиците.

Поради сето горе наведено, предметната Иницијатива е неоснована поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на оценка на уставноста на член 6, став 2, член 37, став 2, член 111, ставови 4 и 5, член 123, став 1, член 138, став 3 и член 139, став 2 од Законот за заштита на потрошувачите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/22).

**Точка 27**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94594 за КО Ѓорче Петров 2-Мирче Ацев, на КП бр.5077, викано место/улица „Ѓ.Казепов“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јакуп Демири од Гостивар за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1331, за КО Чегране, на КП бр.2767, викано место „Рудина Село“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.77623, за КО Куманово, на КП бр.6246/3, викано место/улица „ул.221“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски, како и негативното мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13846 за КО Куманово, на КП бр.6246/1, викано место/улица „ул.221“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Наим Шерифи од Куманово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.47421, за КО Куманово, на КП бр.7812/1, викано место/улица „Омански Рид“, со дополнување и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски, како и Известувањето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**Точка 32**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Крум Коцарев од Скопје доставено под И.бр.2185/16, за Налог за извршување врз недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.4004, за КО Ѓорче Петров 2-Мирче Ацев, КП бр.9422/1 и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски, како и негативното Мислење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 33**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр. 438/2014, за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2307, за КО Мислешево-Вонград и по Известувањето го усвои

негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 34**

1.Владата го отповика Милан Ќироски од должноста независен член на Одборот на директори на АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, поради истек на мандатот.

1.1Владата го избра Шаип Синани за независен член на Одборот на директори на АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост.

2.Владата го именува Коста Начевски за вршител на должноста директор на Управата за наменско производство, орган во состав на Министерството за економија.

3.Владата ја именува Светлана Радевска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје.

4.Владата од должноста вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“-Пробиштип ги разреши:

- Васко Златковски,
-Тодорче Мишевски,
-Тамер Јамаковски,
-Панче Стоименовски и
-Ненад Павиќевиќ

5.Владата го разреши Арсим Фидани од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот, на негово барање.

5.1 Владата го именува Валериј Пенев од Министерството за животна средина и просторно планирање за член на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот.

6.Владата ја разреши Меланија Ристовиќ од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“- Скопје, на нејзино барање.

6.1Владата го именува Трене Дамјановски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“- Скопје.

7. Владата заклучи во Предлог-одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2005, 71/2005, 2/2006, 8/2006, 46/2006, 18/2007, 94/2007, 103/2007, 126/2007, 138/2007, 39/2008, 137/2008, 154/2008, 63/2009, 76/2009, 144/2009, 39/2010, 63/2010, 158/2010, 5/2011, 75/2011, 133/2011, 70/2012, 82/2012, 161/2012, 172/2013, 16/2014, 21/2014, 99/2014, 116/2014, 152/2015, 161/2015, 218/2015, 19/2016, 71/2016, 189/2016, 126/2017, 102/2018, 108/2018, 209/2018, 234/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.73/2019, 139/2019, 147/2019, 262/2019, 278/2019, 26/2020, 29/2020, 237/2020, 245/2020, 101/2021, 152/2021, 38/2022, 102/2022,

168/2022 и 213/2022), по алинејата-Национален координатор за унапредување на работата на јавните претпријатија-3,3. да се додаде нова алинеја, која гласи:

- „Национален координатор за информатика и енергетика-2,8“.

7.1Владата го именува Блерант Рамадани за национален координатор за информатика и енергетика, сметано од 1 април 2023 година и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8.Владата заклучи Кадровското прашање од Сто триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 март 2023 година, за именување на Агрон Речи, државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Охрид, за вршител на должноста државен правобранител на Република Северна Македонија, да не се реализира.

9.Владата донесе Решение за изменување на Решението за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија.

10.Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, заклучи на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“-Пробиштип да се објави јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на седум члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица'“-Пробиштип.

**<u>Точка 35</u>**

**1.**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 16 март 2023 година до 22 март 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2.**Владата по повод официјалната посета на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски на Верона, Република Италија, на 1 и 2 април 2023 година, во рамки на иницијативата „Отворен Балкан“, а со цел проследување на активностите од страна на претставниците на македонските медиуми поврзани со официјалната посета, заклучи:

1) Се задолжува Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ја информира Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за бројот на претставници на медиумите кои ќе патуваат во Верона, Република Италија.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги поделат меѓусебно трошоците за превоз и сместување на претставниците на медиумите кои ќе патуваат и ќе присуствуваат на официјалната посета на Верона, Република Италија.

**3.**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 16 март 2023 година до 22 март 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 16 март 2023 година до 22 март 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.**Владата по повод официјалната посета на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски на Република Словенија, на 2 и 3 април 2023 година, а со цел проследување на активностите од страна на претставниците на македонските медиуми поврзани со официјалната посета, заклучи:

1) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ја информира Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за бројот на претставници на медиумите кои ќе патуваат во Република Словенија.

2) Се задолжуваат Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги поделат меѓусебно трошоците за превоз и сместување на претставниците на медиумите кои ќе патуваат и ќе присуствуваат на официјалната посета на Република Словенија.

**6.**Владата ја разгледа Информацијата за пријавени неизмирени обврски за периодот декември 2022 година-февруари 2023 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Се задолжуваат субјектите кои пријавуваат обврски, согласно Законот за пријавување и евиденција на обврски, обврските да ги пријавуваат редовно.

2) Се задолжуваат субјектите кои пријавуваат обврски до крајот на овој месец, да преземат активности за подмирување на обврските, со приоритет на обврските со постар датум, со цел неизмирените обврски во март да бидат намалени во однос на претходните месеци.

**7.**Владата ја донесе Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија.

Истовремено, согласно Мислењето на Министерството за труд и социјална политика, а заради разрешување на дилемите и конзистентна примена на членот 11 од Законот за плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр.36/1990 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1991, 23/1997, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010, 97/2010, 162/2010, 11/2012, 145/2012, 170/2013, 139/2014 и 233/2018), во однос на утврдувањето на основицата за пресметка на платите на функционерите и раководните работници, по донесувањето на Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр. 113/2022 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/2023), Владата заклучи како основица за пресметка на платата, согласно членот 11 од Законот да се зема просечната исплатена бруто-плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало и ја донесе Одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало, со заклучок во текстот на Одлуката, во член 1, во став 2, наместо „10%“ да биде „13%“.

**Точка 37**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година.

**Точка 38**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за водостопанство за 2023 година.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од склучување на Протокол за донација на воздухоплови помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Украина, со усогласен текст на Протокол и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за донација на воздухоплови на Министерството за одбрана на Украина.

2. Го прифати усогласениот текст на Протоколот за донација на воздухоплови помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Украина.

3. Се овластува Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана да го потпише Протоколот за донација на воздухоплови помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Украина.

**Точка 40**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потреба од обезбедување на финансиски средства за потпишување на Колективен договор за вработените во Министерството за култура, Управата за заштита на културното наследство и

Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Северна Македонија за мерките за подобрување на движењето на лица и стоки преку заедничката државна граница, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Северна Македонија за мерките за подобрување на движењето на лица и стоки преку заедничката државна граница.

2. Се определува министерот за внатрешни работи во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Северна Македонија за мерките за подобрување на движењето на лица и стоки преку заедничката државна граница.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање - Проект за електронска наплата на патарина-воспоставување на интероперабилен електронски систем за наплата на патарина, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање-Проект за електронска наплата на патарина-воспоставување на интероперабилен електронски систем за наплата на патарина.

2. Се овластува Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, да го потпише Меморандумот за разбирање-Проект за електронска наплата на патарина-воспоставување на интероперабилен електронски систем за наплата на патарина.

3. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта, по потпишување на Меморандумот, во рок од 30 дена да изврши усогласување за финалниот текст на Договорот со Јавното претпријатие Патишта на Србија (ЈП Путеви Србије), како и да го достави до Владата финалниот текст на Договорот помеѓу двете претпријатија со кој се уредуваат правата и обврските за користење веб-сервисот за интероперабилност.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за определување на службен мобилен телефон и начинот на надоместување на месечниот трошок за

користење, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за определување на корисници на службен мобилен телефон и начинот на надоместување на месечниот трошок за користење.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „BMTF TTX 23“ во Република Словенија.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на ИПА проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Тетово“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за катастар за недвижности-Тетово, да ги има како приоритет предметите доставени од Општина Тетово за експропријацијата на парцелите кои се предмет на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Тетово“.

2. Се укажува на Општина Тетово комплетните барања за експропријација за Приоритет 1 да ги достави до Управа за имотно правни работи најдоцна до 13.4.2023 година, по што да продолжи со останатите предмети согласно стратегијата за приоритизација (приоритет 2 и 3).

3. Се задолжува Министерство за финансии-Управа за имотно правни работи за сите предмети доставени од Општина Тетово од приоритет 1 да издаде управен акт, најдоцна до 15.6.2023 година, по што да продолжи со останатите предмети доставени од Општина Тетово од приоритет 2 и 3.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од дополнување на Буџетот на Центарот за управување со кризи за 2023 година за реализирање на преземените обврски во однос на Делегацијата на Република Северна Македонија, во седиштето на НАТО во Брисел и за упатување на претставник на Центарот за управување со кризи во Делегацијата, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и заклучи средствата потребни за надоместување на трошоците за претставникот на Центарот за управување со кризи во Постојаната делегација на Република Северна Македонија, во седиштето на НАТО во Брисел да ги обезбеди Министерството за одбрана.

За реализација на истото, Министерството за одбрана да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство и доколку е потребно да се донесе соодветен акт, да се смета за донесен на оваа седница на Владата.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од линеарно зголемување на платите на работниците во Министерството за внатрешни работи и ја усвои со следниот заклучок:

-Се задолжува Министерството за внатрешни работи да изврши линеарно зголемување на платите на вработените во Министерството во износ од 3086,00 денари по

работник, во бруто износ, што ќе отпочне да се исплаќа со платата за март 2023 година.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за основање Национална установа „Центар за култура на турската заедница во Република Северна Македонија- Скопје“.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на Проектот за унапредување на социјалните услуги и за потребата од дополнителни средства, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии во рок од 10 дена да подготви и да достави до Светска банка барање за одобрување на дополнителни 30 милиони евра кредит за продолжување со имплементација на започнатите активности во рамките на Проектот за унапредување на социјалните услуги.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Ејупи и други против Северна Македонија А.бр. 21501/21 и 25 други апликации и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите Ејупи и други против Северна Македонија А.бр. 21501/21 и 25 други апликации (како во табелата во прилог и составен дел на оваа информација).

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на 520 апликанти од предметите Ејупи и други против Северна Македонија А.бр. 21501/21 и 25 други апликации, ќе им исплати вкупен износ од 277.500 евра во денарска противвредност, или поединечно по апликација, односно по апликант износот наведен во табелата во прилог и составен дел на оваа информација.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите во предметите Ејупи и други против Северна Македонија А.бр. 21501/21 и 25 други апликации, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

4. Се задолжува Министерството за правда во соработка со Врховниот суд на Република Северна Македонија, да подготви анализа за проблемите кои се појавуваат при функционирањето на правниот лек пред Врховниот суд на Република Северна Македонија за заштита на правото на судење во разумен рок и да предложи решенија за надминување на проблемите и за тоа да ја извести Владата, најдоцна до почетокот на септември 2023 година.

5. Се задолжува Министерството за правда, а по потреба во соработка со други институции да подготви анализа во однос на проблемите со траењето на домашните (судски) постапки и да предложи решенија за надминување на проблемите и за тоа да ја извести Владата, најдоцна до почетокот на септември 2023 година.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за тековен предмет пред Европскиот суд за човекови права во случајот Захариев против Република Северна Македонија, А.бр.26760/22, ја усвои и го овласти Владиниот агент да го извести Европскиот суд за човекови права дека Владата нема да ја користи можноста за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Захариев против Република Северна Македонија, А.бр.26760/22.

## Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Хасан против Северна Македонија А.бр. 35981/21 и две други апликации и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите Хасан против Северна Македонија А.бр. 35981/21 и две други апликации (како во табелата во прилог и составен дел на оваа информација).

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на апликантите од предметите Хасан против Северна Македонија А.бр. 35981/21 и две други апликации, ќе им исплати вкупен износ од 5.800 евра во денарска противвредност, или поединечно по апликација износот наведен во табелата во прилог и составен дел на оваа информација.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите во предметите Хасан против Северна Македонија А.бр. 35981/21 и две други апликации, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права, да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Илијевска и други А.бр. 55173/20 и пет други апликации и Стојановски А.бр. 7508/20 и шест други апликации против Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите Илијевска и други А.бр. 55173/20 и пет други апликации и Стојановски А.бр. 7508/20 и шест други апликации против Северна Македонија (како во табелите во прилог кои се составен дел на оваа информација).

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека, државата на апликантите од предметите Илијевска и други А.бр. 55173/20 и пет други апликации и Стојановски А.бр. 7508/20 и шест други апликации против Северна Македонија ќе им исплати вкупен износ од 40.450 евра во денарска противвредност, или поединечно по апликација износот наведен во табелата во прилог и составен дел на оваа информација, при што износот по апликација треба да се подели на еднакви делови на сите апликанти подносители на секоја од соодветните апликации, како што е наведено во табелата во прилог и составен дел на оваа информација.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите во предметите Илијевска и други А.бр. 55173/20 и пет други апликации и Стојановски А.бр. 7508/20 и шест други апликации против Северна Македонија, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права, да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ, кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите при што износот по апликација треба да се подели на еднакви делови на сите апликанти подносители на секоја од соодветните апликации, како што е наведено во табелата во прилог и составен дел на оваа информација.

## Точка 55

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за 13 тековни предмети пред Европскиот суд за човекови права, АД Осигурителна полиса Скопје и други против Република Северна Македонија и седум други апликации (62544/19, 6430/20, 7307/20, 38181/20, 44331/20, 48373/20, 49268/20 и 38659/20) и Пуцко Петрол увоз -извоз ДООЕЛ против Република Северна Македонија и четири други апликации (6381/20, 38665/20, 15860/20, 38176/20 и 44819/20), со можни финансиски импликации по Буџетот на Република Северна Македонија и за можноста за нивно спогодбено решавање, со прилог, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 56

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација за изградба на хидротехнички објект-Брана Отиња на минерална суровина-глина на Општина Штип на локалитетот „Акумулационен простор на насипната Брана Отиња“, Општина Штип и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 57

Владата го разгледа Предлогот на закон за академија за судии и јавни обвинители (*) и го утврди како Предлог на закон за академија за судии и јавни обвинители (*), кој се донесува по скратена постапка, со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за академија за судии и јавни обвинители (*), по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:15 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**